Врз основа на член 22 став 1 точка 6 како и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа,Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.09.2008 годинадонесе:

# О Д Л У К А

**за утврдување на критериуми за доделување средства за финансирање на спортски клубови и други форми на здружување во областа на спортот, како и за одржување на спортски манифестации**

## Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат критериумите и постапката за доделување на средства за финансирање на спортски клубови како и други форми на здружување во областа на спортот, за одржување на спортски манифестации.

## Член 2

Одредувањето на висината на средствата и нивно доделување на спортски клубови и други форми на здружување во областа на спортот, како и за одржување на спортски манифестации, ке се врши согласно со следните критериуми:

- корисниците на средства да достават соодветна документација за извршена регистрација, согласно позитивните законски прописи;
- задолжително поднесување на годишна програма за работа;
- поднесување на извештај за работа во последните две години (се однесува за клубовите кои постојат повеке од две години) како и извештај за потрошените средства
- лигата во која се натпреваруваат спортските клубови;
- бројот на деца и млади до 14 години и доприносот за унапредување на здравјето и спортскиот дух кај младите генерации.
-

## Член 3

Потребната документација ке се доставува до Соработникот за образование, култура и спорт при општинската администрација.

## Член 4

Износот на средствата што ке се доделуваат, ке се утврдува на предлог од Комисијата за финансии и локален економски развој и средствата ке се обезбедат од буџетот на Општина Свети Николе.

**Член5**

За добиените финансиски средства од општина Свети Николе, спортските клубови се должни да достават комплетен годишен извештај до Советот на општината.

**Член 6**

Оваа одлука влегова во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник" на Општина Свети Николе.

**Бр.0701-631**
**29.09. 2008 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**

**Фрањо Шкорвага**